20251883881

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за финансиски инструменти,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 3 септември 2025 година.

Бр. 08-4638/1
3 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

Член 1

Во Законот за финансиски инструменти („Службен весник на Република Македонија” број 66/24) во член 519 ставот (3) се менува и гласи:

„Постојните акти на Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија” број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 31/20, 288/21, 53/24 и 3/25) се применуваат до денот на започнување на примената на соодветните акти донесени врз основа на овој закон.”.

Член 2

Во членот 520 ставот (4) се менува и гласи:

„Постојните акти на Македонската Берза АД Скопје кои произлегуваат од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија” број 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14, 15/15, 154/15, 192/15, 23/16, 83/18 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 31/20, 288/21, 53/24 и 3/25), се применуваат до денот на започнување на примената на соодветните акти донесени врз основа на овој закон.”.

Член 3

Во член 521 во ставот (1) зборовите: „12 месеци” се заменуваат со зборовите: „18 месеци”.

Член 4

Во член 522 во ставот (1) зборовите: „12 (дванаесет) месеци” се заменуваат со зборовите: „18 месеци”.

Член 5

Во член 523 во ставот (1) зборовите: „12 месеци” се заменуваат со зборовите: „18 месеци”.

Член 6

Во член 525 во ставот (1) зборовите: „12 месеци” се заменуваат со зборовите: „18 месеци”.

Во ставот (2) зборовите: „12 месеци” се заменуваат со зборовите: „18 месеци”.

Член 7

Во член 528 во ставот (2) зборовите: „1 јануари 2028 година” се заменуваат со зборовите: „1 јули 2029 година”.

Член 8

Во членот 530 зборовите: „18 месеци од денот на влегувањето во сила” се заменуваат со зборовите: „од 1 октомври 2026 година”.

Член 9

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.